# ART WITHOUT BORDERS

MACEDONIAN ENCOUNTER

# УМЕТНОСТ БЕЗ ГРАНИЦИ

МАКЕДОНСКА СРЕДБА




***MarilenaStreit-Bianchi*** *е родена во 1945 г. во Рим, Италија. Има работено 40 години во ЦЕРН (Европска организација за нуклеарни истражувања во Женева, Швајцарија) каде што работела истражувачка дејност, била ментор на многу студенти и имала раководни функции за обуки и трансвер на технологии. Денес е почесен член на ЦЕРН и активно е вклучена во NAIRUCU Arts, невладина организација во Мозамбиг, Африка, како одговорна за комуникации и изложби. Била куратор на меѓународната изложба "THE ORIGIN-A journey between Science and Art" („Почетокот – патот помеѓу Науката и Уметноста), која што изложба била прикажана на ScuderieAldobrandini во Фраскоти, Италија и во "École de Physique" на универзитетот во Женева, Швајцарија. Таа исто така е дел од оранизацијата ARSCIENCIA.*

***http://www.nairucu-arts.org***

***http://www.arsciencia.org***




***Beatrice Bressan*** *(физичар и поет) родена во Рим, Италија во 1967 г. Експерт во трансвер на технологии и знаења и развој на претприемништво. Беатриче има работено во повеќе организации, вклучително и во CERN и во Обединетите нации, на повеќе проекти. Има меѓународни изданија на научни книги и изданија на колекција на поеми кои што биле наградувани со литературни награди, една од нив е наградата 'Roma Arte and Scienza 2015'. Беатриче има учествувано на 'Night of Science 2014' (Вечери на науката 2014).*



***Wolfgang Trettnak*** *е роден во Грац, Австрија. Има докторирано во областа на хемијата на Универзитетот во Грац, работел долги години на научни истражувања на биосензорите и има издадено голем број на научни трудови.*
*Тој одлучува да биде слободен уметник во 2002 г. Неговите ликовни дела биле изложувани во повеќе Европски земји, како и во Кина. Тој ја поврзува науката со уметноста и области како биологија, електроника, луминесценција и загадувањето на природата. Во последните години е загрижен за заканите кон морскиот свет.*



*Изложбата “ELECTRONIC FISHES” (Елекктирчни риби) претставува електронски риби, биолуминесцентни морски организми и риби роботи.*
*“PLASTIC FISHES” (Пластични риби) е изложба која е создадена во Галиција и која е посветена на загадувањата кои се настанати од пластични отпадоци кои што можат да влијаат на животот во океаните, морињата, реките и езерата.*
***http://www.trettnak.com***
***http://www.arsciencia.org***
***http://www.arsciencia.org***

***Margarita Cimadevila*** *е родена во Сада, Коруња, Шпанија. Има дипломирано хемија на Универзитетот во Сантиаго Де Кампостела и има работено како професор по природни науки и хемија во различни средни училишта во Галиција. Таа е претседател на здружението за наука и уметност ARSCIENCIA, и организатор на интернационалниот курс “Science & Art: so different, so similar!” (Уметноста и науката толку различни, а сепак толку слични). Многу години се интересира за поврзаноста меѓу науката и уметноста, што придонесло за нејзината уметничка инспирација во серија на слики на тема физика на честичките во CERN како и изложба со наслов “CIENCIA EX AEQUO”, која што се однесува на достигнувањата на жената во научните истражувања.*
*Нејзината последна изложба “AVANT-GARDE IN SCIENCE” се однесува на мажот и жената во науката и животот, кои работеле заедно во исти еднакви услови. Таа има изложувано во многу европски држави и Кина. Била поканета од Европската комисија како учесник на Конвенцијата за иновации 2014 г. во Брисел. “MARE PLASTCUM” е нејзин најнов проект, на кој што работи заедно со Wolfgang Trettnak, проект кој што е посветен на загадувањето на океаните од пластични остатоци.*
***http://www.cimadevila.tk/***
***http://www.arsciencia.org***



***Marie-LuiseSchachinger,*** *е родена 1986 г во Дрезден, Германија, и од 2010 година живее во Виена. Таа е уметник, психолог и мајка на три деца. По завршувањето на средно уметничко училиште таа се посветува на студии на психологија и социологија на техничкиот универзитет во Дрезден и на Универзитетот во Виена. По раѓањето на нејзините три деца таа се посветува на грижата за нив. Во последните неколку години нејзините типични со колоритна сила слики се изложени на повеќе самостојни и групни изложби во Виена. Од 2014 г. таа организира работилници “Symbio-semalerei” каде што посетителите имаат можност да се сретнат и запознаат меѓу себе преку процесот на создавање на заеднички ликовни творби.*

*http://vielbunt.at*

***http://galeriestudio38.at/SCHACHINGER***





***Justino António Cardoso*** *– роден во Natapa-Eráti, Мозамбиг, во 1960 г. Тој е познат илустратор во Напула. Првата своја работа ја издал во 1978 г. Тој го создал MUHUPI, првиот независе веник во Нампула. Работел како координатор на проекти во Friedrich Ebert Stiftung Foundation. Во 2005 година ја претставил употребата на политичката карикатура во јавниот живот. Во 2009 година ја издава книгата “Moçambique 1498-2009” на португалски, а во 2010 г. “A lenda sobre a origem do povo Makonde de Moçambique”, во 2012 и 2014 година “Un peuple en images - Les Makuas du Mozambique”, Ilha de Moçambique- Historia e patrimonio и во 2014 Malangatana (сите овие книги се напишани на повеќе јазици). Има учествувано на многу самостојни и групни изложби во Мозамбиг и редовно изложува во Националниот етнолошки музеј во Нампула, (MUSET). Во странство има учествувано во патувачката изложба “L´Origine”, во Швајцарија, Франција и Италија организрана од Nairucu-Arts и изложена исто така во CERN, Женева, Швајцарија во 2012 г. Тој има изложувано во 2017 во Hofkabinett во Литц, Австрија. Има организирано курс за цртање поддржан од UNESCO во Нампула, Мозамбиг. Бил награден со “ordem de Artes e Letra” на 25 Јуни 2015 г за неговиот придонес за културата на Мозамбиг.*





***Islam Mahmoud Sweity,*** *е родена во 1997 г. во Beit Awwa во Палестина. Таа го напуштила средното училиште, но и покрај тоа нејзиниот талент за цртање и овозможил да учествува на многу изложби. Во 2013 г. била еден од финалистите на телевизиското шоу “Best Talent Show”. Во моментот е студент на факултетот за ликовни уметности при Националниот Универзите Ан-Најах. Мотиви на најзините дела се луѓе и животни претставени во нивниот секојдневен живот. Портретите кои ги создава се полни со живот и емотивна емпатија, кои го привлекуваат вниманието на гледачот. Истите не потсетуваат дека животот е убав и вреди да се живее и покрај сите потешкотии во него. Таа има изложувано во ЦЕРН и во 2015 година во Франција како дел од изложбата “The Origin” (Почетоците).*




***Sonjuschka Golovanova- la donna artista*** *родена во 1982 г. во Виена, Австрија. Љубовта кон уметноста ја покажува уште од своето детство. Нејзината експресивност е резултат на нејзниот постојан уметнички и личен развој. Sonjuschka преку своите дела секогаш успева да го задржи вниманието на гледачот. Твори на фундаментални теми како верба, љубов, убавина, омраза, минливост. Нејзиниот уметнички поглед е секогаш поврзан со нејзините чуства и е насочен кон внатрешниот свет, кон нејзиниот свет на чуствата и сето тоа го пренесува на платното. Sonjuschka работи главно со акрил на платно и сликање на стакло. Има учествувано на повеќе групни изложби во Виена, во 2016 г. имаше самостојна изложба во Турскиот културен центар Yunus Emre Enstitüsu во Виена. Неодамна учствуваше со свое модно шоу во Веина ARTFORUM во ноември 2016 г*

***http://sonjuschka.weebly.com/***



***Кирил Гегоски*** *е роден 1944 г. Завршил средно уметничко училиште генерација 1959/1964 г. во Скопје. Има 30 самостојни изложби во повеќе земји, изложувал свои дела на групни изложби во Бугарија, Италија, Франција, Полска, Англија и др земји. Добитник е на повеќе национални и меѓународни награди. Неговите дела се цртежи на хартија, графики и акрил на платно.*



***Милошеска Лепа*** *е родена во Прилеп 1957 г. Основно и средно образование завршува во Прилеп. Има дипломирано историја на уметност во Скопје. Има работено како професор по историја на уметност, старословенски јазик и музеологија, ликовна уметност во средно и основно образование. Денес е целосно посветена на сликарството. Основен мотив во нејзинитае дела е убавото, со тенденција да стане поубаво. Работи најмногу во акрил, ги користи и другите техники како пастел, акварел, туш итн. Дел од творештвото го презентирала на повеќе групни и една самостојна изложба. Се занимава и со ликовна критика. Знае да премине и во применетата уметност, изразувајќи се преку декорирање.*



***Ферди Булут*** *роден во Прилеп, 1990. Завршил факултет за ликовна уметност Скопје на отсекот за графика во 2014 г. Од 2014 година работи како наставник по ликовно образование. Има учествувано на групни изложби во Скопје, Прилеп, Турција, Франција. Работел како карикатурист за турскиот весник „Yeni Balkan“. Како наставник релаизира настава по ликвоно образование преку НАНСЕН моделот на интегрирано образование на ученици од различни етнички групи. Неодамна престојуваше во ателје во Париз. Работи најчесто комбинирана техника и графика. Неговите дела се одраз на неговата внатрешна борба на чуствата.*

***https://www.saatchiart.com/bulut***



***Дарко Талески*** *роден во Прилеп, Македонија (1980). Завршил факултет за ликовна уметност во В. Трново, Бугарија каде што и магистрирал медиум и реклама во 2006 г. Од 2005 година работи како наставни по ликовно образование. Има учествувано на повеќе изложби во Македонија, Бугарија, Англија, Германија, БиХ, САД, Канада, Австрија, Тајван, Франција. Има интерес кон стоп моушн анимацијата и истата ја имплементира во работата со своите ученици. Автор е на проектот "Fun, education, stop motion animation" кој е награден со прво место на Европскиот форум на иновативни наставници организиран од Мајкрософ во Лисабон, Португалија во 2012 г. истата година проектот е награден со второ место на Глобалниот Форум на иновативни наставници во Прага. Во 2014 г. ја добива прва награда на Мајкрософт Глобалниот Форум на наставници експерти од целиот свет во Барцелона, Шпанија. Неговиот едноминутен фил „Носталгија за уметнос“ е прикажан на берлинскиот институт за уметност во 2013 г., на Торонто Урбан Филм фестивал 2013 г. и во музејот на современа уметност во Тајпеј 2015 г. Бил дел од две групни изложби на кои учествувала и познатата Марина Абрамовиќ и тоа Квартер музеј во Виена, Австрија изложба faceless 2013 г. и светската галерија на цртеж Остен, Скопје, 2014 г.*

*Неодамна ја открива неговата состојба на кожата т.н. skin writing (пишување на кожа) и започнува да го користи сопственото тело како медиум за ликовно изразување цртајќи на сопствената кожа.*



***http://artdarko.wixsite.com/darko***

***Ристо Тошески*** *е родена во Прилеп 1963 г. Работи како наставник по физичко и здраствено образование. Со уметност се занимава повеќе од 30 години. Неговото творештво е богато и разнообразно, мозаици, копаничарство, цртежи, кратки филмови. Природните материјали се тие кои го привлекуваат и истите ги комбинира во форми кои пренусуваат силни пораки на љубов, разбирање, почитување, соживот. Има три самостојни изложби. Учествувал на повеќе од 50 групни изложби. Член е на здружението на копаничари на Македонија како и на Друштвото на ликовни уметници на град Прилеп. Автор е на три уметнички филмови, две книги, драми. Неговото монументално ликовно дело мозаик на Тоше Проески е поставено во центарот на градот Прилеп. Последните години е посветен на истражување и експериментирање со техниката мозаик.*





***Атанас Атанасоски*** *е родена во Прилеп 1961 г. Работи во Институтот за старословенска култура во Прилеп. Има завршено ликовна академија во Скопје, магистрески студии на академијата за ликовни уметности во Будимпешта, Унгарија и докторски студии на инситутот за национална историја во Скопје. Неговите дела се изработени од материјали кои може да ги најде во непосредната околина кои се лесно достапни. Тие се во единство со природата (локалниот пејсаж). Матаријалот кој го користи е секогаш приспособлив за рециклирање (хартија, метал и сл.). Има 17 самостојни изложби и учество на повеќе домашни и меѓународни групни изложби. Добитник е на наградата ОСТЕН 2014 г. Негова последна изложба е во македонскиот културен центар во Њујорк, САД 2016 г. и престојот во Абу Даби, Соединети Арапски Емирати во јануари 2017 г.*

***Давид Атанасоски*** *е родена во Прилеп 1995 г. Од 2014 година е студент на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, група вајарство.*
*Има учествувано на групни изложби на Друштвото на ликовни уметници на Прилеп во 2016, и на SIAB VIII Студентско интернационално арт биенале во Скопје, Галерија ФЛУ. 2017.*

